Душанка Панкова
Скопје

# УБАВИЦАТА И ЅВЕРОТ

Многу одамна, во една далечна земја живееше еден трговец со своите три ќерки. Најмалата беше многу убава и мила и го носеше прекарот „убавица“. Таа имаше 18 години. Колку месеци имаше Убаицата?



Еден ден трговецот мораше да замине на пат и пред поаѓање ги праша ќерките:

- Што да ви донесам?

Најстарата ќерка рече:

- Јас сакам 1 метар бисери. Колку центиметри бисери посакала најстарата ќерка?



Средната ќерка рече:

- Јас сакам *1кг* злато. Колку декаграми злато треба да донесе таткото за да ја исполни желбата на средната ќерка?

Најмалата ќерка молчеше. Таткото се сврте и ја праша:

- А, што сакаш да ти донесам тебе?

- Мил татко, би сакала да ми донесеш една роза - рече таа, гушкајќи го силно.

Трговецот замина на пат и откако успешно ја завршил работата, по 3 седмици и четири дена тргна на пат за дома. Колку денови минале откако трговецот заминал од дома?

Патуваше долго без одмор, затоа што имаше голема желба да ги гушне ќерките. Беше преморен и изгладнет, кога во шумата близу до куќата во која живееше, го затекна големо невреме. Во виулицата го загуби патот и очаен, почна да талка наоколу. Одеднаш, во далечината здогледа некаква



светлина и со остатокот од силите се упати кон неа. Стаса пред една висока ограда и широко отворена порта.

Кога влезе во дворот, здогледа прекрасен замок со два реда прозорци. Во секој ред имаше по 8 големи и 7 мали прозорци. Колку вкупно прозорци имаше на предната страна од дворецот?

Чукна неколку пати на вратата, но не доби одговор. Тогаш реши да влезе за да се стопли и да го побара домаќинот.

Внатрешноста на дворецот беше осветлена, топла и богато уредена. Трговецот забележа маса наместена за еден и на неа најубаво јадење. Изнемоштен седна и касна од се. Стави вино од шишето од 1 л во чаша од 2 *дл*. Колку чаши од 2 *дл* може да се наполнат од тоа шише?

Се напи од виното и тогаш забележа некаква чудна светлина. Стана и се упати кон неа. Влезе во една голема одаја во која имаше голема, наместена постела. Постелата ја красеа две перници со форма на правоаголник, со димензии 60 *цм* и 40 *цм*, обиколени со златна лента. Колку метри и колку центиметри лента е употребена за да се украсат перниците?

Уморен, тој легна и заспа. Кога се разбуди утредента, крај себе ја здогледа својата облека и богат појадок на масата. Одморен и сит, таткото излезе во дворот за да го побара домаќинот, чудејќи се притоа, како никого дотогаш не сретна. Недалеку од оградата тој здогледа една грмушка со рози. Грмушката имаше 9 гранки и на секоја гранка по 9 рози. Тогаш се сети на желбата на најмалата ќерка. Застана и ја скина најубавата роза. Колку рози останаа на грмушката?



Во тој миг зад себе слушна некакво рикање. Се сврте и виде огромен ѕвер, кој му рече:

- Така ли се заблагодарува за гостопримство? Крадеш од

моите рози!! За казна ќе те убијам!!

Трговецот клекна на колена молејќи го уверот да го пушти за да ги види своите ќерки за последен пат. Ѕверот тогаш предложи:

- Оди, но за една седмица и еден час да се вратиш ти или да испратиш една од ќерките!

За колку часа трговецот треба да се врати?

Преcтрашен, трговецот побрза кон својот дом. Кога пристигна, ги гушна ќерките и им раскажа се. Тогаш најмалата ќерка рече:



- Розата беше моја желба и јас сум виновна што ѕверот се разлутил.

Се подготви и замина во дворецот на ѕверот.



Кога пристигна во замокот, пронајде се како што и раскажа татко ѝ. Не сретна и не слушна никого.

Тргна да го разгледа дворецот. Одеше од одаја до одаја и тогаш здогледа една врата на која пишуваше: „Домот на убавицата“. Таблата имаше форма на квадрат со обиколка од 100 центиметри. Колку центиметри е долга страната на квадратот?

Влезе внатре и виде прекрасна одаја со прозорци свртени кон градината полна со цвеќиња.

Вечерта слушна некакво тропање. Се приближи до вратата и ја отвори со страв. Тогаш го виде ѕверот и преплашена се сврте и почна да бега. Но, ѕверот одеше по неа. Ја втаса, ја фати за раката и клекна пред неа:



- Знам дека изгледам ужасно и се извинувам ако те исплашив. Но, јас не сум лош и се надевам дек еден

ден моето присуство ќе ти биде пријатно. Те молам да ме почестиш и да вечераме заедно.

Убавицата беше исплашена, но се согласи да вечера со ѕверот.

Минаа пријатна вечер и убавицата сфати дека ѕверот и покрај ужасниот изглед, не е лош.

Поминаа заедно 5 седмици и 3 дена. Колку денови минале заедно убавицата и ѕверот?



Убавицата почна да чувствува се повеќе нежност кон ѕверот. Тој беше многу внимателен кон неа. Една вечер тој ја фати за раката и и рече:

- Откако си во мојов замок, мојот живот се измени. Дали сакаш да се омажиш за мене?

Убавицата изненадена и збунета не знаеше што да одговори, па за да добие во време рече:

- За да донесам толку важна одлука, мора да го прашам за совет мојот татко.

Ѕверот се замисли за миг, но бидејќи чувствуваше голема љубов кон неа, ја пушти да замине, откако му вети дека ќе се врати за пет дена. По колку часови треба да се врати убавицата кај ѕверот?



Кога трговецот ја виде најмалата ќерка, не можеше да им верува на сопствените очи, бидејќи мислеше дека ѕверот одамна ја има растргнато.

Убавицата му раскажа што се и се случи во замокот.

Но, деновите минуваа бргу, а таа во радоста дека е во домот на татко си, не забележа дека поминаа 5 дена и 96часа. Колку денови убавицата минала во домот на татка си?



Една ноќ, на сон, убавицата го виде ѕверот мртов, изпружен во градината со рози, и тогаш се сети на ветувањето што му го даде. Стана, се подготви набрзина

и отрча без здив кон замокот на ѕверот. Трчаше 15 минути. Колку секунди трчала убавицата?



Кога стаса во градината, го здогледа ѕверот крај една грмушка со рози. Лежеше испружен и на умирање. Таа силно го прегрна и прошепоти:

- Те молам, не умирај! Мислев дека сме пријатели, но сега гледам колку многу те сакам.

На овие зборови ѕверот ги отвори очитеи се насмевна. На неговото лице паднаа две солзи од очите на убавицата. Тогаш тој почна да се претвора во прекрасно момче.



- Еден лош вештер ме претвори во ѕвер. Тоа се слуши пред 10 години и 6 месеци.

Колку месеци минале оттогаш?

- Магијата можеше да се растури само ако во мене се вљуби девојка - продолжи тој. - Дали сега ќе се омажиш за мене?

Убавицата со радост се согласи и го прегрна силно.

Оттогаш тие живееја среќно и долго ...

